До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа дали лице може да биде корисник на субвенции од државата за обработка на површина за производство на јаболка каде лицето е определен како Носител на семејно земјоделско стопанство согласно член 2 став 1 алинеја 13 од Законот за земјоделство и рурален развој со оглед на тоа дека лицето е избран од страна на Собранието на РСМ за вршење на функцијата претседател на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.
Во барањето се наведува дека лицето е избрано од страна на Собранието на РСМ за вршење на функцијата претседател на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## **М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„Правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.“

Во член 2 став 1 алинеја 11, 12 и 13 од Законот за земјоделство и рурален развој (“Службен весник на РМ“ бр.49/10, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015, 11/2016, 53/2016, 120/2016, 163/2016, 74/2017, 83/2018 и 27/2019 и “Службен весник на РСМ“ бр.152/2019, 244/2019, 275/20019, 110/2021, 123/2022, 65/2023 и 218/2024) дадено е значење на поимите земјоделско стопанство, семејно земјоделско стопанство и носител на семејно земјоделско стопанство употребени согласно овој Закон:

„11. Земјоделско стопанство е економска единица под единствено управување (од едно или повеќе лица без оглед на сопственоста, правната форма, големина или локација) на чиј земјоделски имот (кој го поседува и/или располага и/или го поседуваат и/или го располагаат членовите на земјоделската задруга) се врши земјоделска дејност и за кое се води евиденција во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството). Земјоделското стопанство

опфаќа една или повеќе производни единици. **Земјоделско стопанство може да биде правно организирано како** трговско друштво или друго правно лице утврдено со закон или **семејно земјоделско стопанство**;
12. Семејно земјоделско стопанство е самостојна стопанска и социјална единица која се заснова на комбинација од управување и сопственост и/или користење на земјоделскиот имот од членовите на семејството;
13. Носител на семејно земјоделско стопанство е полнолетно лице кое е одговорно за управување со земјоделското стопанство и кое истапува во име и за сметка на семејното земјоделско стопанство и како такво е запишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството. Носител на земјоделско стопанство кое е правно организирано како трговско друштво или друго правно лице утврдено со закон е самото правното лице, а одговорното лице на правното лице истапува во име и за сметка на тоа земјоделско стопанство;“

Согласно член 8 став 1 алинеја 1 од Законот за трговските друштва, физичките лица кои вршат земјоделска и шумарска дејност (индивидуални земјоделци) не се сметаат за трговци во смисла на овој закон.

Правно лице во смисла на Законот за трговските друштва е регулирано со член 25:
„(1) Трговското друштво како правно лице може да стекнува права и да презема обврски, да стекнува сопственост и други стварни права, да склучува договори и други правни работи, да тужи и да биде тужено пред суд, арбитража или друг избран суд и да учествува во други постапки.
(2) Трговското друштво стекнува својство на правно лице со уписот во трговскиот регистар.
(3) На трговското друштво му престанува својството на правно лице со бришењето на уписот во трговскиот регистар.“

Имајќи ги во предвид горецитираните одредби од Законот за земјоделство и рурален развој, од каде Државната комисија заклучи дека Носител на семејно земјоделско стопанство нема статус на правно лице во смисла на член 25 од Законот за трговските друштва, како и фактот дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со донесено Решение го има запишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства за разлика од правните лица кои се запишуваат во трговскиот регистар, Државната комисија е на став дека цитираниот член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е неприменлив во оваа ситуација, односно може да се биде корисник на субвенции доделени од државата согласно закон.

Исто така, Државната комисија укажува дека во натамошното извршување на функцијата претседател на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен потребно е во предвид да се има член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде е утврдено Начелото на интегритет и тоа:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност,

етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице."

**Претседател**

**Татјана Димитровска**